20262714900

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 ноември 2026 година.

Бр. 08-6970/1
13 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Сиљановска-Давкова, с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 48/2001, 4/2002, 16/2002, 43/2003, 19/2004, 40/2004, 81/2005, 50/2006, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 170/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 36/23, 188/23, 16/26 и 17/26), во член 98 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Имотната корист од ставот (1) на овој член ќе се конфискува во кривичната постапка што се води против сторителот на кривичното дело или во посебна постапка за конфискација предвидена со закон и од трети лица на кои е пренесена, ако не се совесни стекнувачи односно ако не докажат дека за имотната корист што им е пренесена дале противнадоместок што одговара на пазарната вредност на прибавената имотна корист или доколку знаеле или биле должни да знаат според конкретните околности дека им е пренесена од страна на сторителот на кривичното дело со цел да се избегне конфискација. Ако конфискацијата на пренесената имотна корист не е можна, ќе се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената корист.

(3) Под условите од ставот (2) на овој член, имотната корист од ставот (1) на овој член ќе се конфискува и од членовите на семејството на сторителот.“.

Член 2

Во член 122 ставот (38) се менува и гласи:

„(38) Под имот се подразбираат пари или други средства за плаќање, хартии од вредност, депозити, економски ресурси (вклучително нафта или други природни ресурси), друг имот во секаков облик и тоа подвижен или недвижен, материјален или нематеријален, вклучително и виртуелни средства согласно со закон, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и правни документи за сопственост и актива во пишан или во електронски облик или инструменти кои се доказ за имотни права или правни интереси.“.

Член 3

Во член 297-а во ставот (2) после зборовите: „недозволени трки со возила“ се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Со казната од ставот (1) на овој член, ќе се казни и учесник во јавниот сообраќај кој управува моторно возило без положен возачки испит или на кого му е изречена санкција забрана на управување со моторно возило која е сè уште важечка во моментот на сторување на делото или санкција престанок на важење на возачката дозвола, при што не му е издадена нова важечка дозвола.“.

Член 4

Членот 394-в се менува и гласи:

„(1) Тој што директно или индиректно дава, обезбедува или собира пари или друг имот на кој било начин, без оглед на начинот на нивно стекнување, со намера тие да бидат употребени или со знаење дека ќе бидат искористени целосно или делумно заради извршување на кривичните дела Злосторство против човечноста од членот 403-а, Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај од членот 303, Тероризам од членот 394-б, Терористичка организација од членот 394-а, Меѓународен тероризам од членот 419, Загрозување лица под меѓународна заштита од членот 420, Земање заложници од членот 421, Неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи од членот 231, Загрозување на безбедноста на сообраќајот со опасно дејствие или средство од членот 298, Напад на воздухоплов, брод или неподвижна платформа од членот 302, Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај од членот 303, Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедност од членот 313, Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации од членот 322-а или друго дело на тероризам предвидено со овој законик или друго дејствие сторено со намера да предизвика смрт или тешка телесна повреда на граѓаните или на други лица кои не се вклучени во судир кој има карактер на вооружен судир според меѓународното право, кога целта на таквото дело или дејствие е да се создаде чувство на несигурност или страв кај граѓаните или да се присили некоја држава или меѓународна организација да изврши или да се воздржи од извршување на определени дејствија, без оглед дали парите или другиот имот се употребени или искористени за извршување на такво дело и без оглед на тоа за која цел биле искористени, ќе се казни со казна затвор најмалку 10 години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што директно или индиректно дава, обезбедува или собира пари или друг имот на кој било начин, независно од начинот на нивно стекнување, со цел да бидат употребени или искористени од страна на терорист или терористичка организација, без оглед за која цел биле искористени.

(3) Тој што со ширење порака или на кој било друг начин повикува на извршување на делата од ставовите (1), (2) и (11) на овој член, ќе се казни со казна затвор најмалку пет години.

(4) Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни и тој што ќе се договори со друго лице за извршување на дело од овој член или ќе повика друг да се приклучи кон здружение или група со намера за извршување на дело од овој член.

(5) Тој што ќе создаде група или банда што има за цел извршување на кривично дело од овој член, ќе се казни со затвор најмалку 10 години.

(6) Припадникот на групата или бандата од ставот (5) на овој член, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(7) Припадникот на групата или бандата, кој ќе ја открие групата, односно бандата пред да стори некое кривично дело во нејзин состав или за неа, може да се ослободи од казна.

(8) Службено лице, одговорно лице во банка или друга финансиска институција или лице кое врши работи од јавен интерес кое според закон е овластено за преземање на мерки и дејствија за спречување на финансирање на тероризам, што свесно ќе пропушти да ги преземе со закон предвидените мерки и со тоа ќе овозможи извршување на дело од овој член, ќе се казни со затвор најмалку три години.

(9) Со казната од ставот (8) на овој член ќе се казни службено лице или одговорно лице кое неовластено ќе открие на клиент или на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за спречување на финансирање на тероризмот.

(10) Тој што ќе ги стори делата од ставовите (8) и (9) на овој член, иако не бил свесен за можноста од настанување на штетна последица, а според околностите и според своите лични својства бил должен и можел да биде свесен за таа можност, ќе се казни со затвор од една до 10 години.

(11) Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни и тој што ќе овозможи патување на лице во друга држава заради извршување, планирање или подготвување или друг облик на учество во врска со терористички активности, или организирање или прифаќање на обука за терористички активности.

(12) Умислата, односно намерата или знаењето на сторителот за извршување на делата од ставовите (1), (2), (3), (4), (5) и (11) на овој член се утврдува врз основа на фактичките околности на случајот.

(13) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна и престанок на правното лице.

(14) Парите и имотот наменети за подготвување и извршување на делата на овој член ќе се одземат.“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.